Република Македонија
**Државен архив на Република Македонија**

ДРЖАВЕН АРХИВ
на Република Македонија

Бр. 22-3435/1

Скопје, 10. 12. 2018 год.

Државен архив на
Република Македонија
Кеј Димитар Влахов 19
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3115783
(02) 3115734
Факс: (02) 3 165944
Сајт: www.arhiv.gov.mk
E-Mail: contact@arhiv.gov.mk

**Предмет: Повик за доставување на текстови за списанието „Македонски архивист“**

Почитувани,

Со цел да почнеме со подготовка на новиот број на списанието „Македонски архивист“, Ве известуваме дека ја очекуваме Вашата соработка и Ве покануваме да доставите Ваши прилози за новиот, 25-ти број од списанието.

Списанието „Македонски архивист“ се објавуваво два броја годишно, во кои се опфатени трудови од архивската теорија и практика, но и трудови од теоријата и методиката на проучување и користење на историските извори, документи и др.

Во списанието се објавуваат трудови на македонски јазик или на еден од светските јазици (англиски, француски, германски и руски јазик). Статиите на македонски јазик треба да имаат резиме на англиски јазик, а статиите изработени на еден од погоре наведените јазици треба да содржат резиме на македонски јазик.

Државниот архив на Република Македонија Ве покaнува, не подоцна од 31 март 2019 година, по електронска пошта (makedonski.arhivist@arhiv.gov.mk) да го доставите Вашиот труд.

Редакцискиот одбор на списанието ќе определи рецензенти за Вашиот труд и најдоцна до 30 април ќе Ве извести дали истиот ќе биде објавен.

Љубезно Ве замолуваме да се придржувате до приложените упатства за публикување во списанието „Македонски архивист“.

Срдечен поздрав,

Директор,
Кирил Петров

Република Македонија
Државен архив на Република Македонија
Скопје